# ЛЕГЕНДИТЕ КОИ НЕ СЕ ЗАБОРАВААТ

**Славе Спиркоски**

Ова една мала Биографија од мојот живот.

Се викам Славе Спиркоски,роден на 30.06.1936 година во Прилеп.

Мојата спортска кариера ја започнав во половината на 1952 година,како гимнастичар во ДТВ “Партизан” Прилеп.Со напорни тренинзи,успеав да се вклучам во редот на тогаш најдобрите гимнастичари во градот,и за брзо време успеав да одам на Републички првенства во Ниш во бившатата СФРЈ.

Во истата година бев на семинар за квалитетни вежбаци во градот Стар Дојран,а потоа следеа доста меѓуградски и Републички првенства,за во август 1956 година да учествувам пак на државното првенство во Ниш во бившата СФРЈ.

Во истата година заминав во армија,така што и таму продолжив со вежбање на гимнастика.

По враќањето од армијата,вежбав и понатаму се до 1960 година,кога престанав да се активно бавам со гимнастика,но помагав на помладите генерации.

Славе Спиркоски

**Јане Петрески**

Роден 30.08.1942 година во село Маврово Гостиварско.Образование 7-ми степен (високо).Вработен 1966 до 2007 година “ПАРТИЗАН-“Гостивар

За овој период во однос на реализирање на програмата на Партизан-Македонија од стана на Друштвото Партизан-Гостиварн е долг период на постигнати резултати на полето од:

-Партизански Повеќебој

-Спортска гимнастика

Во овие програми усвоени се постигнати големи резултати каде можеме да се пофалиме со голем број дипломи-пехари за освоени први места во поединечни и екипни најдобри резултати.

Во спортска Гимнастика за обележување се годините од 1995-1997 година како едно од најдобрите гимнастичарски друштва.Во 1997 година бевме најдобро друштво во спортска гимнастика.Од нашето друштво имавме гимнастичарки во репрезентација на Македонија.На Меѓународен турнир нашата гимнастичарка Татјана Миноска се врати со четири медали и тоа:една златна,две сребрени и две бронзени.

Во однос на Повеќебојот исто така бевме едно од најмасовнигте друштва.

-Во 1975г. бевме прогласени за шест најдобри друштва на Југославија и одликувани од председателот.

-Од 1952г. до 1977г. ја добивме златната плакета Партизан на Македонија.

-Во однос на спортските игри бевме едни од најактивните друштва за реализација на програмата.

Сите овие кратко изнесени работи говорат дека нашето друштво работело и во целост ги исполнувало програмите од Републиката на Партизан,како и своите програми на друштвото.

Повеќе спортови во Гостивар биле информирани од Друштвото Партизан како на пример од секција:Кошарка,Одбојка,Ракомет,Скијање и Гимнастика подоцна формирани се во клубови.

Овие резултати колективно извршните органи и професионални лица ги постигнале со заемно работење.

Пс.1996г.Собранието го прогласи друштвото за најдобра организација во општината како добитник на плакетата на градот.

**Ѓорѓија Наумовски**

Роден на 20.06.1946 година во Прилеп-професор по физичко и здравствено воспитување,сега вработен како професор при СОУ "Ристе Ристески-Ричко" во Прилеп.

По завршувањето на основно образование се запишав во школото за физичка култура "Методи Митевски-Брицо" во Скопје во период од 1965/67 година.Мојата желба беше да се школовам,да се усовршувам во спортот и така во 1967 година се запишав на факултетот за физичка култура во Белград,го завршувам и се вработувам во Прилеп во 1972 година.Се вработувам како предњак(тренер),во ДТВ "Партизан",а во 1976 година станав секретар во СИЗ За физичка култура во Прилеп,а потоа се вработувам како професор,и тука работам до денес.

Во досегашниот мој работен стаж постигнав доста добри резултати во разни спортски сктивности,а особено би истакнал резултати постигнати во гимнастиката работејќи со деца од 7-18 години.Со нив станавме Републички прваци на Македонија во пионерска конкуренција,а второ место постигнав со младинците на Македонско државно првенство во тогашната СФРЈ.

Во истиот период од 1972-1076 година на Партизански вежби во Дојран постигнав врвни резултати во пионерска и младинска конкуренција.

И денес сум член на Управниот одбор во ДТВ Партизан како и член на разни спортски комисии,на ниво на градот,се со цел да се одржи спортскиот дух помеѓу младите во градот.За мојата досегашна работа повеќепати сум наградуван,од кои ми е најдрага награда златна значка-награда за најдобар спортски педагог од Р.Македонија,а добиена ми е на ниво на поранешната СФРЈ во 1986 година.

Ѓорѓија Наумоски

**Крсто Станковски**

Роден 01.09.1948 година во Скопје

Своите први чекори во организацијата Партизан ги имам започнато есента 1956 година во ДТВ Партизан I Скопје како пионер.За истото друштво настапувам на натпревари во спортска гимнастика и пионерски повеќебои на градски и Републички натпревари до есента 1963 година кога поради катастрофалниот земјотрес 1963 година објектот се сруши.

Во 1965 година со група етузијасти го формираме ДТВ Партизан Методија Митедски-Брицо.Во ова друштво сум активен како гимнастичар повеќебоец и предњак.

Активно учествувам во остварување на програмите на друштвото и градот Скопје и Партизан на Македонија до 06.03.1973 година.

Од 1969 година професионално сум вработен во Партизан на Македонија како референт за Слет што се одржа 1970 година на кои учествуваа повеќе од 25 000 учесници.

По завршувањето наслетските активности се вработувам во ДТВ Партизан Методија Митевски-Брицо како професионален предњак тренер.

Во овој период подготвувам екипи за Републички и Сојузни натпревари каде екипите успешно се натпреваруваа постигнувајќи добри резултати.

Од 06.03.1973 година професионално сум вработен во КСРГ Партизан Наум Наумовски-Борче од Скопје до денес и понатака.

Во овој период со мојата стручна работа успешна подготвувам и настапувам со екипи во сите категории на натпреварите организирани од страна на градот Скопје и Република Македонија,како и на Сојузни натпревари.

Во периодот од 1965 година до денес сум активен чинител во стручните одбори на друштвата,градот Скопје и Федерацијата за гимнастички спортови на Македонија,каде повеќе од 30 години успешно го водев секторот за масовни активност.

**Миле Ангеловски**

29.09.1928 година во Скопје,Висока стручна спрема

Првите чекори на мојата спортска активност ги започнувам уште како основец во предвоена Југославија некаде во 1939 година во Соколското друштво "Сокол" матица Скопје (во објектот "Соколаана" крај Вардар што се урна за време на катастрофалниот земјотрес во Скопје 1963 година).Потоа активноста ја продолжувам кон крајот на 1944 година и почетокот на 1945 година по завршувањето на Втората светска војна како активен член-гимнастичар на гимнастичката секција при тогашното спортско Друштво "Македонија"која во 1948 година прераснува во гимнастичко Друштво "Скопје 1"и во 1952 година во "Партизан" Друштво Скопје 1,кое од 1962 година го носи името "Партизан Наум наумовски-Борче."

Мојот прв гимнастички настап е на Републичкиот гимнастички натпревар 1946 година година на Скопскиот стадион кога сум прогласен за Републички првак.Потоа,настапувам на сите натамошни републички натпревари се до 1952 година и сум неприкосновен републички првак на Македонија.

На Сојузно гимнастичко првенство на СФРЈ во Белград за првпат настапувам во 1947 година и го освојувам третото место во категорија младинци.Истата година сум учесник на Сојузниот слет во Белград во вежбата на Гранчо Пајтонџиев" Во борба машко племе"

Во 1948 година настапувам во категоријата членови прв разред во Белград,а во 1949 година на првенството во Загреб во категорија членови повисок разред и се вбројувам во десетте најдобри гимнастичари во Југославија.

Во 1950 година на гимнастичкиот натпревар во рамките на првите студенски спортски игри на СФРЈ во белград се пласирам меѓу шестте најдобри гимнастичари.

Најдобри резултати во мојата гимнастичка кариера постигнувам на Државните првенства на Југославија 1951 година во Нови Сад и 1952 година во Љубљана кога станувам и член на Сојузната "Б" репрезентација на Југославија.

На гимнастичкото првенство во Љубљана 1952 година сум прогласен за државен првак на разбој и вратило.

Во 1951 година како најдобар спортист на Македонија ја врачувам штафетата од Република Македонија на Маршалот Тито по повод неговиот 59ти роденден.

Покрај републичките и Сојузните гимнастички натпревари,редовно учествувам на повеќе меѓудруштвени натпревари,а како член на републичката гимнастичка репрезентација на сите меѓурепублички гиманстички натпревари се до 1959 година и секогаш се пласирам од прво до трето место.

Од 1954 до 1962 година сум републички тренер на гиманстичката репрезентација на Македонија.Како таков повремено сум учесник и на подготовките на сојузната гиманстичка репрезентација.Истовремено сум и сојузен гимнастички судија на републичките и државните гимнастички натпревари.

Од 1962 до 1988 година сум професионален секретар на Партизан на Македонија и сум еден од носителите на организацијата во тој период а и потоа.

Активен член сум на Друштвото "Партизан Наум Наумовски-Борче"-Скопје и како таков заземам разни функции од вежбач-гимнастичар,предњак,тренер,началник,судија,претседател на стручниот одбор па се до Претседател на Друштвото во неколку наврати.

Како Претседател на Друштвотово време на катастрофалниот земјотрес недозволив да згасне неговата активност,така што со мојата несебична активност и помошта и ангажирањето на другите членови на Друштвото и Сојузот успеавме како надомест на Друштвениот дом срушен во земјотресот да го добиеме новоизградениот дом од помошта на владата и народот на Франција со одлука на Собранието на град Скопје во 1969 година.

За мојата севкупна повеќегодишна активност имам добиено повеќе награди и признанија како и државни одликувања во поранешна Југославија и во Република Македонија од кои како позначајни би ги издвоил:

-Орден со сребрен венец од Маршал Тито;

-Орден за труд;

-Плакета на Партизан на Македонија;

-Плакета на сојузот на спортови на РМ;

-Плакета на сојузот на спортови на град Скопје;

-Златна значка на ЈугоСофка и други.

**Методи Стефанов(Леви)**

Роден сум на 23.03.1952 година во Кочани.

Со гимнастика започнувам да се занимавам уште во прво одделение,поточно од 1959 година и тоа како член на ДТВ "Партизан" од Кочани.

Како натпреварувач на друштвото ги имам поминато сите категории и во сите имам постигнато 1960 година како во пионерска конкуренција го имам освоено првото место.Од тогаш па се до 1965 година во истата конкуренција (пионери)сум првак на Македонија.

Продолжувам со постигнување на добри резултати и во поголемите категории каде на сите натпреварувања се искачувам на пиедесталот освојувајќи од I-III место.Натпреварувачкиот настап го завршувам во 1972 година.Како репрезентативец на Македонија имам настапувано на две натпреварувања,"Македонија"-"Србија"и "Македонија"-"Кочани".

Богатата натпреварувачка кариера е врзана и со настапите на сите турнири низ просториите на некогашна Југославија.Настапите во Нови Сад,Србобран,Љубљана,Панчево,Белград се едни од долгата низа на градови.Во овие натпреварувања силите ги имам одмерувано и со гимнастичари со светско име и едни од најдобрите во Југославија.Имињата на Церар,Бродник,Вратиќ,Ќерсник,доволно зборуваат за квалитетот на моите противници.

По завршувањето на кариерата како натпреварувач продолжувам да работам во друштвото како тренер-волонтер со пионерската и младинската екипа на ДТВ "Партизан"-Кочани,каде се задржувам се до 1975 година.

Од 1975 година до ден денес сум активен гимнастички судија.

За моите спортски достигнувања сум наградуван со голем број на Плакети,Дипломи и Благодарници.Одликуван сум со бронзена и сребрена значка за развивање на гимнастичкиот спорт.Златна значка од "Партизан" на Македонија,Плакета од ФГСМ за судски достигнувања.Неколкупати сум бил во изборот на "Најуспешен спортист на Кочани".Долги години како делегат од ДТВ "Партизан"учествував во работата на СИЗ за физичка култура – Кочани и во Софка-Кочани.Наградуван сум од "Партизан" на Македонија за 75 години постоење на гимнастика во Македонија.

И ден денес колку што можам го помагам гимнастичкиот спорт во Кочани.Советите кон се поголемиот број на млади гимнастичари што им ги нудам се од драгоцено значење.

Со почит,Методи Стефанов

**Перса Диневска**

Родена на 04.02.1950 година во Кочани.Член е на ДТВ “Партизан”-Кочани од 1962 година до денес.Како натпреварувачка ги помина сите категории и се натпреваруваше од пионерска до сениорска конкуренција.

Натпреварувачката кариера ја завршува во 1969 година.Има постигнато високи резултати од кои најзначајни се:

-1964г.на Републичко првенство во Тетово 3 место

-1965г.Сојузно првенство во Славонски Брод 25 место во Југославија

-1968г.Сојузен турнир на градови-Скопје,1 место во јуниорки

-1968г.Републичко првенство-Битола,3 место во сениорки

-1968г.Сојузно првенство-Белград,24 место во сениорки

-1969г.Поединечно републичко првенство-Скопје,3 место во сениорки

-1969г.Републичко првенство-Струмица,2 место во сениорки

За нејзиниот успех во спортската гимнастика како натпреварувачка,а потоа и како тренер-вработен во Друштвото и волонтер,голем придонес има дадено тренерот за гимнастички спортови Јордан Манов-Јоцо.Тој уште од пионерската категорија па до крајот на нејзината натпреварувачка кариера и ги откриваше тајните на гимнастичкиот спорт.За нејзиното усовршување како тренер и за стварањето на љубов кон гимнастиката,таа искажува голема благодарност кон Јоцо.

По завршувањето на такмичарската кариера продолжува како редовно вработен тренер за женска спортска гимнастика во ДТВ” Партизан”-Кочани од 01.09.1968 г. до 30.04.2001г. од кога па до денес ја продолжи тренерската кариера како волонтер-тренер за гимнастика.Како тренер во периодот од 1968 година до денес со такмичарските категории има постигнато видни резултати во екипна и поединечна конкуренција:

-Државно првенство на Југославија-Параќин 1979 година во женска спортска гимнастика со екипа јуниорки има освоено 3 место

-Државно првенство на Југославија-Суботница 1980 година во женска спортска гиманстика со екипа јуниорки има освоено 2 место

Перса Диневска во нејзината тренерска кариера има создадено голем број врвни гимнастичарки,меѓу кои со високи резултати во поединечна конкуренција се издвојуваат:

-Соња Матеничарска,Верица Ефтимова,Весна Мишева,Катица Тодосиева,Зорица Максимова,Иванка Андонова,Снежана Постолова,Катерина Христова,Ивана Манова,Марија Баток,Јулка Китанова,Стојкица Андонова и друга,со кои што во поединечна конкуренција Перса како тренер има освојувано највисоки резултати на Републичките натпревари во сите категории.

Исто така во екипна и во поединечна конкуренција Перса како тренер со женските категории на Турнирите на градови има постигнато значајни резултати во Нови Сад,Суботница,Сремска Митровица,Скопје,Кочани и други.

Нејзиниот придонес е голем во развојот на женска спортска гимнастика во Кочани и пошироко и со освоените резултати голем е придонесот за рангирањето на ДТВ Кочани во целиот период од седумдесетите и деведесетите години на Друштвото завземе едно од првите три места,а најчесто првото место како најдобро гиманстичко друштво во Македонија.Диневска беше и тренер и селектор на републичката репрезентација за женска спортска гимнастика.

Исто така беше и Републички и Сојузен судија во Републиката и во Југославија.

Диневска Перса е прогласувана за најдобар спортист на град Кочани,најдобар тренер на град Кочани,најдобар тренер за женска спортска гиманстика во Република Македонија и најдобар републички судија.

За нејзиниот ентузијазам со кој пристапуваше кон работата и за постигнатите резултати сведочат многубројните признанија и награди што ги добила,а од кои најдраги се:Сребрена плакета на Општина Кочани,Плакета од ФГСМ за најдобар судија,Признание од Сојуз на спортови-Кочани за најдобар тренер и други признанија за нејзиниот придонес за развој на женската гимнастика во Кочани и Републиката.

По завршувањето на професионалната тренерска кариера,Перса Диневска продолжи во Друштвото со волонтерска работа и до денес дава голем допринос и резултати во развојот на гимнастичкиот спорт во Кочани.

**Ѓорѓи Стојанов Тодосиев**

Роден е во Кочани на 28.03.1933 година во занаетчиско семејство.Основно училиште и прогимназија со полуматурски испит завршил во Кочани,а средно образование со матурски испит во Скопје во средното фискултурно училиште-прва генерација и се стекнал со звање Стручен учител по фискултура.

По отслужувањето на воениот рок,во учебната 1954/55 година се вработил во Полната гимназија "Љупчо Сантов"-Кочани на работно место наставник по фискултура.По укинувањето на полната гимназија работи во Централното основно осумгодишно училиште "Раде Кратовче"-Кочани,а потоа во Средното економско училиште во гимназиски паралелки "Љупчо Сантов"-Кочани.Има положено државен испит.

Педесетите и шеесетите години е надворешен стручен соработник на Окружниот завод за школство-Штип за физичко воспитание и образование.Има работено и во Работнички универзитет "Ленин"-Кочани на работно место Раководител за основно општо и стручно образование на возрасни.

Паралелно со работата во училиштата вонредно студира и дипломира на Филозофскиот факултет-Скопје на групата Педагогија и се стекнал со звање Професор по педагогија.

Од 1974 година пензионирањето во 1992 година е на работа во Меѓуопштинскиот завод за унапредување на предучилишното и основното образование и воспитание за Општините Кочани ,Виница,Делчево и Берово со изборно звање Педагошки советник за предучилишно образование и воспитание и за физичко воспитание и образование –предметна настава.

Во 1978 година е реизбран во звање Самостоен педагошки советник за предушилишно воспитание и обарзование во Меѓуопштинскиот завод за унапредување на образованието и воспитанието за Општините Кочани,Виница,Делчево и Берово.

Ѓорѓи Тодосиев е член на Друштвото за телесно воспитување "Партизан"-Кочани од 1946 година до денес.

Во периодот на педесеттите и шеесеттите години програмата на Друштвото беше конгломерат на спортски активности,а се работеше волонтерски.Во тој период Ѓорѓи беше тренер-волонтер во Друштвото и активно учествуваше на натпревари во Партизански повеќебој и во вежби на справи.Има подготвувано вежби и воедно учесници на дава Републички слета во Скопје и еден Сојузен слет во Белград.Учествуваше на јавни анстапи и на академии на Друштвото во

Кочани,Виница,Делчево,Берово,Радовиш и други места за попаларизација на спортската реакција и вежбите на справи.

Во периодот од шеесетите години до 2002 година Друштвото има тренери и во машка и женска спортска гимнастика во редовен работен однос,а по укинувањето на финансирањето на Друштвото има тренери-волонтери.Во тој период Друштвото направи квалитетен скок во гимнастичкиот спорт и континуирано постигнуваше добри резултати на Републичките и Сојузните првенства и на турнирите во Кочани,Нови Сад,Суботица Сремска Митровица и други градови.За постигнатите резултати во овој период Друштвото секогаш беше рангирано на едно од првите три места,а повеќе пати рангирано како најдобро друштво во Македонија.Овие успеси се резултат на добрата работа на тренерите по гимнастички спортови,но секако придонес за постигнување на добрите резултати има дадено и Управниот одбор со добрата организација на животот и работата во Друштвото.Голем придонес за добрата работа на Управниот одбор на Друштвото има дадено Ѓорѓи Тодосие.

Во периодот од 1954 до 1992 година Ѓорѓи е член на Управниот одбор,а повеќе четиригодишни мандати е како потпредседател и претседател на Управниот одбор на Друштвото.Во овој период задача на Ѓорѓи во Друштвото беше да ја планира и програмира работата.Ја изготвуваше програмата за работа на Друштвото,календарот за учество на натпревари,финансов план и извештај за работата на Управниот одбор на Друштвото и ги подготвуваше седниците на Управниот одбор и годишните собранија на Друштвото.Често пати беше водач на Друштвото на натпреварите.Еднаш му беше укажана чест од “Партизан”на Македонија и ја водеше машката пионерска репрезентација на Македонија на натпреварот во спортска гимнастика меѓу републиките и автономните покраини што се одржа во Љубљана.

Големиот ентузијазам со кој настапуваше Ѓорѓи во работата и постигнатите резултати во училиштата во меѓуопштинскиот завод за унапредување на предушилишното и основното образование и воспитание,каде беше во редовен работен однос,и во Друштвото како општественик беа забележани од општествената заедница за што сведочат големиот број признанија од кои најдраги му се:Плакетата за придонес во развојот на Друштвото “Партизан”-Кочани,Признанието од Сојузот на спортови Кочани за допринос во развојот на спортот во Општина Кочани,Плакетата на Општина Кочани за особени заслуги во развојот на Општина Кочани,Признанието од “Партизан” на Македонија за особен придонес во развојот на физичкото воспитување и спортската реакција во Македонија,Плакетата на “Партизан” на Македонија во знак на признание за особено залагање и придонес за развојот на физичкото воспитување и спортска реакција во СР Македонија,Плакетата на Гимнастичкиот сојуз на Југославија за особена афирмација на гиманстичкиот спорт,Медалот за труд со указ на Претседателот и одликувањето со орден на трудот со сребрен венец со указ од

Претседателот на СФРЈ за заслуги и постигнати резултати со работата од значење за напредокот на земјата.

Во моментот,како и во претходниот мандат,Ѓорѓи Тодосиев е член на Надзорниот одбор на КГС Кочани.

**Љупчо Арсовски**

Роден 01.02.1954 година во Крива Паланка.Се школувал во Куманово.Во 1964 година станува член на ДТВ “Партизан” од Куманово.

Како пионер редовно настапувал на гимнастичките натпревари во Македонија.

Со доселувањето во Скопје во 1969 година продолжува активно да се натпреварува во спортска гиманстика и пионерски повеќебој.

Со завршувањето на активното занимавање со спортска гиманстика настапува на сите натпревари во пионерски повеќебој во Македонија и просторите на бивша Југославија.Ред години работи како предњак-тренер во ДГС “Партизан” во Ѓорче Петров каде многу генерации го паметат.Подоцна станува и гимнастички судија и суди на сите гиманстички натпревари.Од 1985 година активно се вклучува во телата и органите на ДГС “Партизан”-Ѓ.Петров,најпрво во Стручниот одбор,а потоа и во Управниот одбор,а потоа и во Управниот одбор каде и денес членува.

**Јован Раичковиќ**

Роден 20.09.1938 година.

Од 1946 година е член на гиманстички клуб Скопје 1-Н.Н.Борче

Од 1965 година е член на Скопје 3-О.Николов

Од 1989 година е Генерален секретар на ЖСМ

Во 2004 година се пензионира.

-Селектор на ЈУ за ЖСГ 1979-1988 година

-Тренер на ЈУ за ЖСГ 1978-1979 година

Дипломиран тренер по спортска гимнастика,

Јован Раичковиќ е вљубен во гимнастиката,а во богатата и плодна тренерска работа создал и повеќе шампиони во бившите југословенски простори.

Добитник е на многубројни признанија од кои може да се издвојат:

-Златна плакета,доделена од Партизан Македонија 1998 година

-Златна спомен диплома,од најелитното ФИГ натпреварување(комитет-средба на солидарноста)1969 година.

-Златна плакета за развој на гиманстички спортови-спортски работник на 1997 година.

-Златна повеља, доделена од гиманстичкиот сојуз на Југославија 1978 година.

-Златна повеља,доделена од гиманстичкиот сојуз на Југославија 1989 година.

-Златна плакета за животно дело “13 Ноември”2004 година.

Затоа,со право може да се каже дека е врвен тренер и еден од најзаслужните за развој на гимнастиката во Р.Македонија.

**Златка Галабова**

Првите чекори во спортска гимнастика ги започнала на деветгодишна возраст во специјализираната спортска школа во град Јамбол,Република Бугарија.

До завршувањето на средното образование активно се занимавала со спортска гимнастика.Во 1961 година се запишала на факултетот за физичка култура во София.За време на студиите се натпреварувала во екипата на факултетот за студенски натпревари.За време на студиите специјализирала спортска гимнастика во класата на Проф.Никола Хаџиев.Од 1968 година до денес активно е вклучена во активностите на спортската гимнастика во Македонија.

Работела како тренер со сите категории на гимнастичарки,а исто така и хонорарно и со репрезентацијата на Македонија со која учествувала на две светски првенства,во Варна и Љубљана.

Била член на ЖТК на Партизан на Југославија и меѓународен судија во спортска гимнастика.Магистрирала во 1980 година.По осамостојувањето на Република Македонија работи како комесар за судиски прашања и комесар за развој во Федерацијата на гимнастички спортови на Македонија.

**Спасе Крстевски (Пацко)**

Роден е 1932 година во Битола.

Како младинец во 1946 година се зачленува во ДРВ “Партизан”-Битола и израснува во талентиран и врсен гимнастичар.Како таков во 1954 година станува тренер во Друштвото се до неговото пензионирање.

Стручни знаења од областа на спортската гимнастика стекнуваше на испитните сесии кои беа организирани 2 пати годишно од страна на Партизан на Југославија а предаваши и испитувачи беа најпознатите стручњаци.

На тие сесии се провеуваше знаењето и се стекнуваа нови знаења.

Патем го заврши своето средно образование.

Како врвен стручњак по спортска гиманстика им држеше практични предавања на наставниците по физичка култура кои полагаа на вишата и на факултетот организиран од Сараево во Битола.

Како тренер успеваше да изгради врвни гимнастичари и гимнастичарки кои на натпреварите од првенството на Македонија освојуваа високи места а од 1-3,како поединечно така и екипно.

Друштвото од Битола важи за едно од најдобрите во Македонија како по својата организираност така и по постигнатите резултати.

Севкупно со својата работа имам мошне многу допринесено за развојот на гимнастиката во Битола и во Македонија.

**Димитар Икономов**

Роден на 15.03.1938 година во с.Зрново,Република Грција.

Доаѓа во Скопје, Република Македонија 1945 година.Завршил Економски факултет во Скопје.

Станува шлен на друштвото во 1951 година,во кое и ден денес членува што значи непрекинато 58 години.Како пионер учествува во сите категории во спортска гимнастика,пионерски повеќебој и како возрасен во партизанските повеќебои за спортска реакција кои се оргазнизираат на републичко ниво и на просториите на бивша Југославија.Омилена справа-вратило.

Откако прекинува активно да се занимава со гиманастика,работел како предњак-тренер со помладите категории.Секогаш бил присутен во телата на одлучување во градскиот сојуз “Партизан”каде бил и Претседател.Член е на претседателството на Партизан на Македонија.Добитник на многу признанија,плакети и дипломи по повод 25-годишнината од постоењето на Партизан,Македонија.Најголемо признание –Орден за заслуги на народ со сребрена ѕвезда од Претседателството на СФРЈ.Најдраго признание-признанието доделено од страна на ФГСМБ За Претседател со најдолг стаж на ДГС “Партизан”-Ѓорче Петров.

**Ташко Стојанов**

Роден е на 18.10.1941 година,во Гевгелија.

Со гимнастика почнува да се занимава во почетокот на 50тите години на минатиот век,во тогашната Соколана во Гевгелија,каде станува активен и истакнат член.

За својата професионална ориентација,го избира спортот,за што се запишува на виша школа и се стекнува со назив наставник по физичко воспитување.

Во Друштвото за физичко воспитување Партизан од Гевгелија,започнува да работи во 1970,и од тогаш до сега успесите и личните и на друштвото се видно забележителни.

Учествата и првите места се многубројни во натпреварите во гимнастички повеќебој и гимнастика во сите можни категории,како во поранешната СФРЈ така и во Република Македонија,по нејзиното осамостојување.

Формирањето на Б-лига во спортска гимнастика во Македонија,се вклопи со неговото пензионирање во 2005 година.Меѓутоа,тој како голем ентузијаст и вљубеник во гимнастиката од тогаш се уште работи доброволно со групата гимнастичарки од Гевгелија и притоа покажува големи успеси.Првите три места во Б-лигата се резервирани за ДГС Партизан,Гевгелија во сите три категории и поединечно.Многубројни се дипломите,пехарите и медалјите.

Негови поголеми лични признанија се:

1.Благодарница од Гимнастички сојуз на Југославија,за успешна афирмација на гимнастичкиот спорт,во 1989 година;.

2.Признание од Партизан на Македонија,за особен придонес во развојот на кадровско рекреативните центри,во 1989 година;

3.Признание од Партизан на Југославија,Сојуз на спортска рекреација и физичко воспитување,за значаен придонес во развојот на спортско-рекреативните активности,во 1982 година;

4.Признание и позлатена плакета за целосна афирмација на масовните спортови од Федерацијата на гимнастички спортови на РМ,во 2009 година;

5.Позлатена плакета од Партизан на Македонија,Сојуз за физичко воспитување и спортска рекреација,во знак на признание за особено залагање и виден придонес за развитокот на физичкото воспитување и спортската рекреација во СР Македонија,во 1982 година;

6.Позлатена плакета од Сојуз за физичка култура на Југославија,за изворедни заслуги на масовниот партизански повеќебој,во 1983 година.

**Ташко Стојанов**

Роден 18.10.1941 година во Гевгелија.Со гимнастика почнува да се занимава во почетокот на педесетите години од минатиот век,во тогашната Соколана во Гевгелија каде станува активен и истакнат член.

За својата професионална ориентација го избира спортот и се запишува на Вишата школа каде се стекнува со назив наставник по физичко воспитување.

Во ДТВ "Партизан"од Гевгелија започнува да работи во 1970 година и оттогаш до денес постигнува забележителни резултати учествувајќи на многубројни натпревари во пионерски повеќебој и спортска гимнастика во сите категории,како и на просториите на поранешна Југославија,така и во Македонија.

Иако пензионер,како голем ентузијаст и вљубеник од формирањето на Б-лигата во 2005 година па до денес работи доброволно со група гимнастичарки од Гевгелија.

Негови најголеми признанија се благодарница од Гимнастичкиот сојуз на Македонија,многубројни признанија од Партизан на Македонија и Југославија,позлатени плакети од Федерацијата на гимнастички спортови на Македонија,Партизан на Македонија и Сојузот за физичка култура на Југославија.

**Александар Јанков**

Роден е 1926 година во Струмица.

Активист и предњак од основањето на друштвото,а професионално вработен од 1974 година до неговото пензионирање во 1987 година.

Активно работи во рамките на спортската гимнастика и има постигнато завидни резултати со повеќе генерации,гимнастичари од Струмица учесници на повеќе државни првенства во Македонија.

**Димче Ѓорѓиевски**

Роден е 1927 година во Битола.

Како партиски функционер во Битола ,на предлог на Димче Миновски,познат спортски новинар,во 1961 година Димче беше избран за Претседател на ДТВ “Партизан”-Битола,кој се до денешен ден е член на Извршниот одбор на Друштвото.

Како претседател а покасно и како секретар на Друштвото,воведе поефикасно и порационално раководење и работа на органите и на стручниот тим на Друштвото.

Тоа имаше позитивен придонес во спортските резултати и финансирањето на Друштвото.

По осамостојувањето на РМ, особено последните 8 години Друштвото западна во финансиска криза ,зашто немаше државно финансирање на платите и на материјалните трошоци,а истовремено запре и спонзорирањето од приватните компании.

Една година и шест месеци не беше исплатена платата на тренерот Пеце Смилевски.

Во таквата положба,Димче дојде до идеа за Претседател да се избере бизнисмен кој ќе има услови да го финансира Друштвото.

Така беше ангажиран Љупчо Арнаудов,кој ги решава сите проблеми на Друштвото и истото продолжи да постигнува евидентни резултати,кое е едно од најдобрите во Македонија.Тргнувајќи од ова искуство Димче поведе иницијатива тоа да се направи и во Федерацијата,такашто по кратко време Арнаудов беше избран за Претседател на Федерацијата и на таа функција е и денес.

Димче успеа да се изврши темелна реконструкција на Домот,се постави еластичен под во салата,се изгради јама,се набавија нови олимписки гимнастички справи.

По негова иницијатива,во 1991 година Друштвото склучи договор концесија за изградба на ресторан,4 дуќани и тениско игралиште,кои денес се сопственост на Друштвото.

Скоро редовно тренерите на Друштвото беа селектри и тренери на репрезентациите на Македонија во женска и машка конкуренција.

Како дипломиран правник ги изготвуваше сите самоуправни акти и статусите на Друштвото,а земаше активно учество и во изготвувањето на Статутите на Федерацијата.

Такашто неговиот допринос беше голем и во функционирањето и на органите на Федерацијата.